

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ 2024

## БДО ДОО СКОПЈЕ

## Содржина:


| | |
|---|---|
| *Вовед* | *3* |
| *Опис на правната структура и сопственост* | *4* |
| *Опис на професионалната мрежа и правните и структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа* | *5* |
| *Опис на управувачката структура на друштвото за ревизија* | *6* |
| *Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем* | *7* |
| *Последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот* | *7* |
| *Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година* | *9* |
| *Изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени* | *12* |
| *Изјава за политиката што ја следи друштвото во текот на претходната година* | *12* |
| *Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и од други надоместоци расчленет на четири категории од услуги на ревизија, дополнителни услуги на уверување во квалитет, даночни советодавни услуги и други неревизорски услуги* | *12* |
| *Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор* | *12* |
| *Континуирано професионално усовршување и обуки на вработените* | *13* |
| *Прилог 1* | *15* |
| *Прилог 2* | *16* |
| *Прилог 3* | *17* |

## Вовед

Извештајот за Транспарентност за 2024 година претставува јавен показател за нашата посветеност и мотивираност кон обезбедување на високо професионални и квалитетни ревизорски услуги на нашите клиенти во Македонија и странство.

Овој Извештај е подготвен во согласност со член 35 од Законот за ревизија (Сл. Весник на Р.М. бр. 158/2010...122/2021) како и со Насоките за подготовка на Извештајот за Транспарентност, издадени од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на РС Македонија во месец март 2015 година, како и Одлука за дополнување и измена на “Насоки за подготовка на Извештајот за Транспарентност” од 28.02.2024 година.

Извештајот на јасен и концизен начин ги обелоденува податоците за правната и управувачката структура на Друштвото, членството и описот на глобалната мрежа од која сме дел, друштвата кај кои БДО, ДОО вршел ревизија во текот на минатата финансиска година, внатрешниот систем на контрола и квалитет како и остварените финансиски резултати во деловната 2024 година.

## Опис на правната структура и сопственост

Друштвото за ревизија БДО ДОО е регистрирано за вршење на ревизија и запишано во Централен Регистар на РМ од 18.01.1999 година, ЕМБС 5264731, под називот Димитров Ревизија ДОО. Во 2011 година друштвото го смени називот/фирмата од Димитров Ревизија ДОО во БДО ДОО, Скопје и изврши промена на сопственичката структура.

Друштвото има валидна дозвола за работа под број 12-41137/2 од 15.12.2011 година издадена од Министерството за финансии за вршење на ревизија без ограничување на нејзината важност.

Друштвото е регистрирано под бр. ДР006 во Регистарот на ИОРРМ.

Друштвото има Лиценца за вршење на работи на ревизија со регистарски број 05 издадена од Советот за Унапредување и Надзор на Ревизијата на ден 26.06.2013 година.

Бројот на вработени во друштвото на 31.12.2024 година изнесува 27 лица (31.12.2023 – 262 лица). Најголем дел од вработените се на неопределено полно работно време.

Сопствениците на друштвото се: Димитров Душан, Димитров Драган и БДО ДОО Белград. Физичките лица - содружници се овластени ревизори и членови на Институтот на Овластени Ревизори на Република Македонија (ИОРРМ).

Основната главнина на друштвото изнесува 1.240.000 МКД.

Соодносот на содружниците во сопственоста на 31.12.2024 година е следниот:

| Содружник: | Статус | Удел во апсолутен износ во МКД | Удел во % |
|---|---|---|---|
| Димитров Драган | Овластен ревизор | 632.400 | 51% |
| Димитров Душан | Овластен ревизор | 266.600 | 21,5% |
| БДО ДОО Белград | Правно лице | 310.000 | 25% |
| БДО ДОО Скопје | Сопствен удел | 31.000 | 2,5% |
| | | **1.240.000** | **100%** |

Сопственичката структура е променета во однос на претходната година, без да се промени износот на основната главнина.

***Основна дејност:***

Друштвото е регистрирано со главна приходна шифра 69.20 - Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување.

Друштвото нема регистрирано подружници во земјата и странство. Друштвото има сопственички удел од 45% во друштвото за сметководствени услуги БДО Акаунтинг ДОО Скопје. Ова друштво е основано на 22.02.2022 година со цел да се издвојат работите на сметководство, даноци и консалтинг од БДО ДОО во посебно друштво. Оперативно ова друштво започна со работа на 01.04.2023 година т.е. откако се стекна со лиценца за вршење на сметководствени работи.

Согласно одредбите на Законот за ревизија, Друштвото има годишно осигурување од одговорност според Полиса бр. 130400002104/00 за годишно осигурување од одговорност со сума на покривање од УСД 6.200.000 по поединечен настан и агрегатно и период на осигурување од 24.09.2024 до 23.09.2025 год.

## Опис на професионалната мрежа и правните и структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа

Почнувајќи од октомври 2011 година, друштвото е член на BDO International Limited. BDO International Limited е компанија со ограничена одговорност регистрирана во Велика Британија, а со оперативно седиште во Брисел.




"БДО Интернационал" претставува петта најголема сметководствена мрежа, со 1.800 канцеларии во 166 земји. БДО Интернатионал вработува 119.611 вработени ширум светот, при што во 2024 година има остварено вкупен приход од УСД 15 милјарди.

Секоја индивидуална БДО фирма, е членка на BDO International Limited. БДО е заштитено бренд име за секоја фирма членка и за БДО Интернационал. Со БДО мрежата управува Совет, Одбор за политики и Извршен директор (или Глобален лидерски Тим).

Советот се состои од по еден претставник од секоја фирма членка со право на глас, а ги вклучува и членовите на BDO International Limited. Советот ги одобрува буџетите, го назначува Глобалниот одбор и утврдува какви било промени во Статутот и Правилата на BDO International Limited.

Глобалниот одбор, кој е всушност Одборот на директори на BDO International Limited, во моментов се состои од претставници на седумте најголеми фирми-членки на мрежата, чие назначување, секое за период од три години, е одобрено од страна на Советот.

Глобалниот одбор ги поставува политиките и приоритетите за мрежата и ја надгледува работата на Глобалниот лидерски тим. Глобалниот Одборот се состанува најмалку четири пати годишно и повеќе ако е потребно. Глобалниот лидерски тим има задача да ги координира активностите на мрежата на дневна основа.

Обезбедувањето на услуги во рамките на мрежата на БДО е координирано од страна на Brussels Worldwide Services BVBA, друштво со ограничена одговорност со седиште во Брисел. BDO International Limited и Brussels Worldwide Services BVBA не обезбедуваат никакви професионални услуги на клиенти. Тоа е задача на фирмите членки на мрежата.

Секој од BDO International Limited, Brussels Worldwide Services BVBA и фирмите-членки на БДО мрежата е посебно правно лице и не сноси одговорност за делата или пропустите на друг таков ентитет.

Односите со БДО Интернационал се регулирани со посебни договори и тоа договор за придружување, договор за услуги и лиценца за фирма членка. Договорите со БДО ДОО Скопје се потпишани на 1 октомври 2011 година.

## Опис на управувачката структура на друштвото за ревизија

Со друштвото управува управителот Драган Димитров, овластен ревизор.

Во текот на 2024 година друштвото имаше пет (5) овластени ревизори. Согласно организационата структура на 31.12.2024 година тие беа на следните позиции:

- Драган Димитров - Извршен партнер, Управител;
- Иван Богдановски – Партнер;
- Даниела Козарева Јованов – Менаџер,
- Даниела Симовска – Менаџер,
- Миа Јовановиќ – Менаџер.

Кон крајот на 2024 година, Даниела Козарева Јованов и Даниела Симовска беа промовирани во Партнери, со ефективен датум од 01.01.2025 година.

## Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем

Системот на интерни контроли на квалитет на Друштвото за ревизија БДО ДОО, политиките за независност, процедурите за прифаќање на ангажмани, како и останатите значајни прашања за извршувањето на ревизиите се срочени во **„Упатството за интерните процедури за контрола на квалитетот при ревизија на финансиски извештаи, преглед на финансиски извештаи и други ангажмани врз чија основа се дава уверување“** и други интерни политики на Друштвото.

Целта на Упатството е да се обезбеди примена на Меѓународните стандарди за контрола на квалитетот – ISQC 1 (“International Standard on Quality Control 1”) и да даде правец во врска со одговорностите на Друштвото за квалитетот на ревизиите на годишните финансиски извештаи и прегледот на финансиски информации, како и за други сродни услуги за кои се дава уверување. Упатството е направено на барање на ISQC 1 како и деловите А и Б од IESBA- Етички кодекс за професионални сметководители и Меѓународниот стандард за ревизија – MSR 220 “Контрола на квалитетот на ревизијата на финансиски извештаи”, BDO Audit Manual, BDO Global Independence Management Programme – Independence manual, BDO Audit & Assurance Policies Manual и BDO Risk Management Manual.

Покрај наведеното, целта е да се конкретизираат одговорностите и да се распоредат вработените во склад со нивните функции.

Покрај ограничувањата во однос на независноста кои произлегуваат од законските прописи на Република Северна Македонија, BDO International има политика на регионален надзор над политиките за независност на компаниите членки, кои се предмет на контрола, барем еднаш годишно, а во случај на промени, по потреба. За надгледување на примената на политиката за независност, како и за обуката на вработените во ревизорската работа задолжен е назначениот партнер на фирмата и неговиот заменик, како и партнерот за управување со ризик.

Нашата посветеност на квалитетот на ревизиите е основен сегмент на нашиот пристап. Ние се обврзуваме нашата работа да ја ставиме во функција на јавниот интерес. Нашите континуирани активности за подобрување на управувачкиот систем за квалитет, каде во центарот се вработените, процесите и технологијата, ни овозможува континуирано да го подобруваме и зајакнуваме квалитетот.

Изјавата за функционирање на системот на интерна контрола е дадена како Прилог бр. 1 кон овој Извештај.

## Последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот

Последната проверка на контрола на квалитет согласно член 20 од Законот за ревизија од страна на ИОРРМ е извршена во декември 2022 година. На 24.02.2023 година од страна на контролорите на ИОРРМ доставени се прашалници и РПР форми за понатамошно наше разгледување и коментари. Контролата на квалитет се однесува на проверка на извршените ревизии во 2022 година, а кои се однесуваат на финансиските извештаи заклучно со датум 31.12.2021 година. Севкупен заклучок на контролата е "задоволително".

Од страна на мрежата БДО последната проверка на контрола на квалитет е извршена во септември 2024 година, со претходно значајни припремни активности. Датумот на извештајот од извршената контрола е 20.09.2024 година. Контролата на квалитет се однесува на проверка на извршените ревизии во 2024 година, а кои се однесуваат на финансиските извештаи заклучно со датум 31.12.2023 година.

## Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година

### а) Правни лица од јавен интерес

| Р. бр. | Назив на субјекти на ревизија/проверка | Дејност | Законска / договорна ревизија |
|---|---|---|---|
| 1 | Про Кредит Банка АД Скопје | банкарство | Законска |
| 2 | ЕВН Македонија АД | услуги | Законска |
| 3 | ЕВН Македонија АД - консолидиран | услуги | Законска |
| 4 | МРТВ - ЈРП Македонска радио телевизија | услуги | Законска |
| 5 | Стопанска банка АД Битола | банкарство | Законска |

### б) Законски/статутарни ревизии

| Р. бр. | Назив на субјекти на ревизија/проверка | Дејност | Законска / договорна ревизија |
|---|---|---|---|
| 1 | Виндија Интернационал ДООЕЛ Скопје | трговија | Законска |
| 2 | Кан Интернатионал ДООЕЛ Скопјр | трговија | Законска |
| 3 | АСЕЕ ДООЕЛ Скопје | услуги | Законска |
| 4 | Сајбер Бокс Инженеринг ДООЕЛ Скопје | услуги | Законска |
| 5 | Сајбер Бокс Инженеринг -консолидација | услуги | Законска |
| 6 | Паком Дооел | трговија | Законска |
| 7 | ЕОС Матрих ДООЕЛ Скопје | услуги | Законска |
| 8 | Паркленд Гроуп ДООЕЛ Скопје | услуги | Законска |
| 9 | Гемак Траде Енвер ДОО Скопје | трговија | Законска |
| 10 | Гемак Траде Енвер ДОО Скопје-консолидација | трговија | Законска |
| 11 | Бучим ДООЕЛ Радовиш | производство | Законска |
| 12 | Боров Дол ДООЕЛ Радовиш | производство | Законска |
| 13 | АТС Инженеринг ДОО Скопје | производство | Законска |
| 14 | Мегапласт ДОО | трговија | Законска |
| 15 | АТС Гроуп ДООЕЛ Скопје | трговија | Законска |
| 16 | АТС Гроуп ДООЕЛ Скопје-консолидирани | трговија | Законска |
| 17 | Касинос Аустриа Интернационал Македонија ДОО | услуги | Законска |
| 18 | Имморекс Доо | услуги | Законска |
| 19 | Малиќи Груп Доо | услуги | Законска |
| 20 | Малиќи Груп Доо Консолидација | услуги | Законска |
| 21 | Соравиа Инвест Дооел | услуги | Законска |
| 22 | Антура МК ДООЕЛ Кочани | производство | Законска |
| 23 | МТЕЛ ДООЕЛ Скопје | услуги | Законска |
| 24 | Скандинавиан Ливинг ДООЕЛ Скопје | трговија | Законска |
| 25 | ГРАНД АУТО ДООЕЛ Скопје | трговија | Законска |
| 26 | ПЗУ ЖАН МИТРЕВ Скопје | услуги | Законска |
| 27 | ПЗУ ЖАН МИТРЕВ Скопје-консолидација | услуги | Законска |
| 28 | Спорт Висион ДООЕЛ Скопје | трговија | Законска |
| 29 | ИРИБОВ МК ДООЕЛ Виница | производство | Законска |
| 30 | Б-Технолоџи ДООЕЛ Скопје | услуги | Законска |
| 31 | ИЦС Системи, Република Чешка, подружница | услуги | Законска |
| 32 | ДХЛ Експрес Македонија ДООЕЛ Скопје | услуги | Законска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 33 | АТС АММО ДООЕЛ Самоков | производство | Законска |
| 34 | Меркур Македонија ДОО Скопје | трговија | Законска |
| 35 | Комфи-Ангел увоз-извоз Прилеп ДОО | производство | Законска |
| 36 | Глобал Гаминг ДООЕЛ | услуги | Законска |
| 37 | Штедилница ФУЛМ ДОО Скопје | финансии | Законска |
| 38 | МАКС БЕТ ДООЕЛ Скопје | друго | Законска |
| 39 | ФД Динерс Клуб Интернационал МАК АД | финансии | Законска |
| 40 | ФД Динерс Клуб Интернационал МАК АД - консолидиран | финансии | Законска |
| 41 | ЕВН Хоме ДОО | услуги | Законска |
| 42 | Електродистрибуција ДООЕЛ | услуги | Законска |
| 43 | ЕВН Македонија Електрани ДООЕЛ | производство | Законска |
| 44 | ЕВН Македонија Електроснабдување ДООЕЛ | услуги | Законска |
| 45 | ЕВН Трејдинг ДООЕЛ | трговија | Законска |
| 46 | Универзал Медиа ДООЕЛ Скопје | услуги | Законска |
| 47 | ЗАМП | друго | Законска |
| 48 | Прва Живот АД | друго | Законска |
| 49 | ИТ Лабс ДОО | друго | Законска |
| 50 | Протон Лабс ДООЕЛ | друго | Законска |
| 51 | Епирок Северна Македонија ДООЕЛ | трговија | Законска |
| 52 | Печатница Европа 92 ДООЕЛ Кочани | друго | Законска |
| 53 | Маккан ХЕЛТ ДООЕЛ Куманово | производство | Законска |
| 54 | Магиа Инвестмент ДОО Куманово | услуги | Законска |
| 55 | Магиа Инвестмент ДОО Куманово  Консолидација | услуги | Законска |
| 56 | Рудник САСА ДООЕЛ | производство | Законска |
| 57 | ЦМК Европа ДООЕЛ | друго | Законска |
| 58 | ЦМК Европа ДООЕЛ - консолидиран | производство | Законска |
| 59 | Делта Бет ДОО | друго | Законска |
| 60 | Казино Моззарт ДОО | друго | Законска |
| 61 | Делта Бет ДОО - консолидиран | друго | Законска |
| 62 | Прима.Мк ДОО | трговија | Законска |
| 63 | Прима.Мк ДОО - консолидиран | трговија | Законска |

## в) Договорни ревизии

| Р. бр. | **Назив на субјекти на ревизија/проверка** | **Дејност** | **Законска / договорна ревизија** |
|---|---|---|---|
| 1 | Ремондис Медисон ДОО Битола | услуги | Договорна |
| 2 | Црвен Крст на Република Северна Македонија | друго | Договорна |
| 3 | Ван Винкел Фешн ДООЕЛ Виница | трговија | Договорна |
| 4 | МК Виничанка ДОО Виница | производство | Договорна |
| 5 | Глобал Енерџи Вентурес ДООЕЛ Скопје | услуги | Договорна |
| 6 | Рајно Сервисес ДООЕЛ Битола | услуги | Договорна |
| 7 | Македонско Здружение на Млади Правници | друго | Договорна |
| 8 | Принтек Технолоџи ДООЕЛ Скопје | трговија | Договорна |
| 9 | Македонски Институт за Медиуми Скопје | друго | Договорна |
| 10 | Иститут за Комуникациски Студии Скопје | друго | Договорна |
| 11 | МЕЈ ЕНЕРЏИ ДОО | производство | Договорна |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12 | Фила Фарм ДООЕЛ - консолидација | трговија | Договорна |
| 13 | ДИДД АНГЕЛ Дооел | производство | Договорна |
| 14 | Инет ДОО | трговија | Договорна |

## Изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени

Друштвото има усвоено Политика за независност со цел да се овозможи сите партнери и вработени во Друштвото да бидат објективни и независни од сите ревизорски и неревизорски клиенти и нивните поврзани субјекти.

Со оваа политика се дефинираат услугите кои можат или не можат да се извршат од страна на Друштвото како надворешен ревизор. Таа е дизајнирана да му помогне на Друштвото во проценувањето на потенцијалните конфликти на интерес во работата која ќе ја извршуваат ревизорите.

Оваа изјава е дадена како Прилог бр. 2 кон овој Извештај.

## Изјава за политиката што ја следи друштвото во текот на претходната година

Оваа изјава е дадена како Прилог бр. 3 кон овој Извештај.

## Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и од други надоместоци расчленет на четири категории од услуги на ревизија, дополнителни услуги на уверување во квалитет, даночни советодавни услуги и други неревизорски услуги

***Приходите во 2024 и 2023 година, разграничени по видови се како што следи:***

(во МКД)

| Услуга | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Ревизија | 37.400.452 | 26.140.724 |
| Други ревизорски услуги - уверувања | 2.899.507 | 10.875.639 |
| Даночни советодавни услуги | 467.949 | - |
| Сметководствени услуги | - | 6.398.653 |
| Проценки | 1.646.519 | - |
| Други приходи | 2.884.200 | 3.342.537 |
| ***Вкупно*** | **45.298.627** | **46.757.553** |

## Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор

Хонорарот на овластениот ревизор се утврдува во вид на бруто плата согласно решение од страна на друштвото, а врз основа на позицијата во друштвото, одговорноста и доверените задачи, искуството и години на работен стаж, ангажираноста и сл.

## Континуирано професионално усовршување и обуки на вработените

Секоја година во БДО се подготвува план на обуки, во кој се предвидува начинот и обемот на обука на вработените и тоа според позицијата кои тие го имаат во работењето. Обуките се поделени на интерни и екстерни обуки, а во рамките на интерните обуки предвидени се т.н. електронски обуки (e-learning), кои означуваат учење преку целосно подготвени презентациски материјали за разни аспекти на ревизијата т.е. Меѓународните стандарди на ревизија.

Во 2024 година вкупно се потрошени 140 денови на екстерни и интерни обуки.

Воедно БДО има и стручни публикации односно два стручни прирачника (Прирачник за сметководство и Прирачник за финансиско известување) кои се достапни на вработените во секојдневното работење. Менаџментот ги следат настаните (конференции и семинари) организирани од БДО Интернационал и назначува соодветни вработени како учесници на дадена конференција. Исто така, БДО редовно испраќа статии на месечните стручни изданија на BDO International.

Скопје, 25.03.2025 година

Управител
Драган Димитров

## Прилози кон Извештајот за транспарентност

**Прилог бр.1**

**ИЗЈАВА**
**за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем за контрола на квалитет**

Управителот на друштвото за ревизија БДО ДОО, Скопје изјавува дека во текот на 2024 година ги имплементирало сите политики и процедури за ефикасно и ефективно функционирање на внатрешниот систем за контрола на квалитетот на Друштвото.

Друштво за ревизија БДО
ДОО Скопје

Драган Димитров
Управител

**Прилог бр.2**

**ИЗЈАВА**

**за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени**

Управителот на друштвото за ревизија БДО ДОО, Скопје изјавува дека Друштвото е независно во своето работење и дека постојат интерни процедури за проверка на независноста на сите вработени.

Драган Димитров
Управител

**Прилог бр.3**

## ИЗЈАВА
## за политиката што ја следи Друштвото за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработени во текот на годината

Управителот на друштвото за ревизија БДО ДОО, Скопје изјавува дека Друштвото доследно ја има следено политиката за континуирано професионално усовршување како на овластените ревизори така и на останатите вработени во текот на деловната 2024 година.

Драган Димитров
Управител

**БДО ДОО СКОПЈЕ**
Бул. Јане Сандански бр. 111
1000 Скопје
Р.С. Македонија
Тел: +389 2 3117 888
Факс: +389 2 3117 999

www.bdo.mk

БДО ДОО Скопје, трговско друштво основано во Р.С. Македонија е членка на BDO International Limited, компанија со ограничена одговорност со седиште во Белика Британија е дел од фирмите членки на меѓународната БДО мрежа.
БДО е бренд име за БДО мрежата и за секоја фирма членка на БДО мрежата.

BDO DOO Skopje, a limited liability company incorporated in the R.N. Macedonia, is a member of BDO International Limited, a UK company limited by guarantee, and forms part of the international BDO network of independent member firms.
BDO is the brand name for the BDO network and for each of the BDO member firms.